На седницата одржана на 11.07. 2024 година, Советот на родители, согласно чл. 18 од Деловникот за работа на Советот на родители, пристапи кон донесување на нов Деловник за работа при што го усвои следиот текст на Деловникот за работа на Советот на родители:

# ДЕЛОВНИК

за работата на Советот на родители во ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ - Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува организацијата и функционирањето на Советот на родители на ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ – Скопје (во натамошниот текст: Советот), работните тела на Советот како и правата и обврските на претседателот, неговиот заменик и членовите.

**Член 2**

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од редот на родителите, односно старателите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Советот делува во рамките на соработката на училиштето со родителите, заради разгледување на прашања од заеднички интерес за работата на училиштето и учениците, како и прашања поврзани со реализацијата на процесот на воспитно - образованата работа во училиштето.

**Член 3**

Советот ги врши работите и задачите кои се утврдени со чл. 127 ст. 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), како и работите и задачите утврдени со Статутот на училиштето:
- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;
- расправа за извештајот за работата на училиштето, како и за успехот и поведениeто на учениците;
- предлага програми за подобрување на стандардите во наставата;
- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
- предлага активности и презема акции за унапредување на јавниот и културниот живот на учениците преку организиирање спортски и други манифестации, заштита на животната средина во училиштето и надвор од него;
- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно - образовната работа;
- избира тројца претставници во Училишниот одбор, со непосредно и тајно гласање;
- дава мислење за екскурзиите, наставата во природа и планот за нивна реализација, кој не може да се реализира доколку мислењето на Советот не е позитивно;
- ги ангажира родителите за подобрување на условите во училиштето;
- учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето;
- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето;
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник;
- активно учествува во реализација на меѓучилишната соработка во градот и надвор од него;
- дава предлози и мислења до Наставничкиот совет, до Училишниот одбор, органите на локалната власт, органите на државната власт и Народниот правобранител за други прашања што се од интерес за учениците и училиштето;
- врши други работи утврдени со Статутот на училиштето.

**Член 4**

(1) Советот може да формира комисии кои ќе извршуваат одделни задачи од надлежност на Советот.
(2) Составот на комисиите, нивните задачи и рокот на извршување на задачите ги утврдува Советот.
(3) Мандатот на членот на комисијата започнува да тече од денот на донесувањето на одлуката, до извршувањето на работните задачи што им се дадени од Советот.
(4) Членовите на комисиите за својата работа се одговорни пред Советот.

**Член 5**

Во работата на советот учествува претставник на Ученичкиот парламент без право на глас.

## II. ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ

**Член 6**

(1) Во Советот има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите/старателите на родителски состанок на паралелката на почетокот од учебната година со мнозинство гласови од вкупниот број на родители на учениците во паралелката.
(2) Членовите се должни да присуствуваат на состаноците на Советот и да земат активно учество во работата.
(3) За редовното присуство на состаноците се води евиденција.

**Член 7**

Бројот на членови на Советот зависи од бројот на паралелките во училиштето.

**Член 8**

Мандатот на членовите на Советот на родители трае 3 (три) години, со право на повторен избор се до завршување на основното образование на нивното дете.

**Член 9**

На членовите на Советот должноста им престанува:
- кога нивното дете заврши со школувањето, односно го продолжи во друго училиште
- по лично барање на родителот,
- со отповикување заради неоправдано отсуство од најмалку три состаноци, како и поради неизвршување на одредени задачи што му се дадени од страна на советот, и во случај на непочитување на одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на членовите на Советот на родители.

Постапката за престанок на должноста на член од Советот на родители е подетално уредена со Правилникот за назначување и отповикување на член на Советот на родители.

**Член 10**

Во случај на отповикување на член или престанување на должноста по друг основ, се врши избор на нов член на Советот. Престанокот на должноста член на Советот го констатира претседателот со заклучок и во рок од три дена од донесувањето на заклучокот го известува одделенскиот наставник односно класниот раководител на паралелката за потребата од избор на нов член во Советот.

**Член 11**

Првото свикување на советот го врши директорот на училиштето.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

**Член 12**

(1) Конститутивната седница на советот се одржува во последната работна недела во месец септември во тековната учебна година, односно веднаш по изборот на претставниците од

паралелките.
(3) Датумот на одржување на конститутивната седница го определува директорот.
(2) Со конститутивната седница претседава директорот на училиштето, се додека новоизбраниот претседател или заменик на претседателот не ја преземе должноста.

**Член 13**

(1) Претседавачот со прозивка го утврдува бројот на присутните членови.
(2) Советот на родители може да се конституира ако на седницата присуствува мнозинството од избраните претставници во Советот.
(3) Советот на предлог на претседавачот избира од редот на присутните, членови на Комисијата за избор на претседател и заменик на претседателот (во понатамошниот текст: изборна комисија). Изборната комисија ја спроведува процедурата за избор на претседател и заменик на претседателот на Советот.
(4) Мандатот на комисијата трае до изборот на претседател и заменик претседател на Советот на родители.

**Член 14**

(1) За работата на конститутивната седница се води записник во писмена форма.
(2) Записникот од став (1) го води записничар определен од страна на претседавачот, и го потпишува претседателот на изборната комисија и записничарот.

## III. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ И ЗАМЕНИК НА ПРЕТЕДАТЕЛОТ

**Член 15**

Советот на родители од редот на членовите избира претседател.

**Член 16**

(1) Изборот се врши на конститутивната седница, а доколку мандатот на претседателот престанал по друг основ освен по истек на времето за кое е избран, односно завршувањето на основното образование на неговото дете, избор на претседател се врши на наредната седница на Советот.
(2) Доколку не престанал мандатот на актуелниот претседател истиот продолжува да ја врши должноста претседател, до истекот на неговиот мандат.
(3) Мандатот на претседателот на советот трае 3 (три) години со можност за повторен избор.
(4) Мандатот на претседателот на Советот престанува и во следните случаи:
- поради настаната смрт,
- поради болест поради која претседателот нема да биде во можност да ја извршува функцијата во подолг временски период;
- оставка;
- неизвршување на обврските предвидени согласно Деловникот;
- непочитување на одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на членовите на Советот на родители;
- други случаи поради кои претседателот би бил спречен да ја врши функцијата или пак случаи кои го прават недостоен за вршење на функцијата.
(5) Во секој случај, мандатот на претседателот престанува кога неговото дете/деца ќе го заврши/ат основното образование.
(6) Во случај како во претходниот став, мандатот на претседателот завршува и пред истекот на периодот за кој е избран, односно пред истекот на предвидените три години.
(7) Одлуката за престанување на функцијата претседател на Советот ја констатира Советот на родители.
(8) Во случаите од ст.4 т.4, 5 и 6 и ст.7 од овој член Советот носи одлука со мнозинство на гласови од присутните членови при што потребно е на седницата да има мнозинство за работа на Советот.

**Член 17**

(1) Секој член на Советот со пријавување кај претседавачот може да се кандидира за претседател.
(2) Комисијата ја утврдува листата и рангирањето на кандидатите за избор на претседател.
(2) Кандидатите треба да се претстават себе си пред членовите на Советот и да ја изразат својата мотивација за претседател, како и да ги презентираат своите планови за застапување на интересите на Советот.

**Член 18**

(1) Претседателот на Советот се избира со мнозинство од гласовите на присутните членови на состанокот по пат на тајно гласање.
(2) Ако за претседател на Советот е предложен еден кандидат и ако при првото гласање не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка
(3) Ако за претседател на Советот се предложени двајца кандидати и ако на првото гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува.
(4) Ако за претседател на Советот се предложени тројца или повеќе кандидати, за претседател е избран кандидатот кој освоил мнозинство од гласовите на присутните членови на состанокот, а доколку ниеден од кандидатите не го добил мнозинството на гласови, гласањето се повторува за двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови на првото гласање.
(5) Ако меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.
(6) Ако и на повторното гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

**Член 19**

(1) На претседателот на Советот во неговата работа му помага заменик на претседателот кој се избира од редот на членовите на Советот.
(2) Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на изборот на претседател се применуваат и на изборот на заменик на претседателот на советот.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ

**Член 20**

Претседателот за својата работа одговара пред Советот.

**Член 21**

Претседателот на Советот има право и обврска да:
- го претставува Советот;
- ги свикува и претседава со седниците на Советот;
- ја организира работата на Советот и го насочува дејствувањето во согласност со утврдените програмски определби и стратешки приоритети;
- ги утврдува иницијативите, мислењата и предлозите на Советот;
- обезбедува координација помеѓу членовите;
- предлага мерки за одговорност на членовите;
- остварува соработка со органите на управување на училиштето и телата на училиштето, органите на локалната самоуправа и органите на државната власт по прашања од делокруг на Советот;
- се грижи за спроведување на Годишната програма за работа на Советот;
- го следи извршувањето на одлуките;
- се грижи за спроведување на Деловникот;
- ги потпишува актите кои ги донесува Советот;
- врши други работи утврдени со Статутот на училиштето;

**Член 22**

(1) На претседателот на Советот во вршењето на неговите права и должности му помага заменикот на претседателот.
(2) Заменикот на претседателот на Советот се грижи за извршување на работите од надлежност на Советот по одделни прашања за кои ќе го овласти претседателот на Советот.
(3) Заменикот на претседателот го известуваат претседателот на Советот за извршување (спроведување) на работите согласно став (2) на овој член.

**Член 23**

(1) Во случај на спреченост на претседателот, заменикот на претседателот го претставува и застапува Советот и ги врши работите утврдени во членот 21 од овој Деловник, претседава со седниците, ги потшишува заклучоците, одлуките и другите акти донесени на седниците со којшто претседавал, го известува Советот за постоење на услов или случај за разрешување на претседателот или на член на Советот
(2) Претседателот писмено го известува заменикот на претседателот за спреченост од Ставот (1).
(3) Заменикот на претседателот ги информира членовите со писменото известување.

**Член 24**

Во случај на престанок на должноста претседател на Советот пред истекот на мандатот, заменикот на претседателот го претставува и застапува Советот и ги утврдува работите до изборот на нов претседател.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 25**

Членот на Советот:
- учествува во работата и одлучувањето по прашањата што се во надлежност на Советот;
- присуствува и учествува на состаноците на Советот;
- предлага расправа за разгледување на прашања од надлежност на Советот;
- учествува во расправата и донесувањето одлуки по прашања за кои расправа Советот;
- дава иницијативи за унапредување на работата на Советот;
- постапува по заклучоците на Советот;
- постапува по предмет што ќе му биде даден за работа така што презема дејства;
- ги следи и проучува законите и прописите и општите акти поврзани со областите во кои Советот
- има надлежност да дава инцијативни, предлози, мислења како и по сите прашања за кои е надлежен Советот;
- учествува во комисиите што ги формира Советот;
- на барање на претседателот подготува извештај за одредени прашања од интерес на Советот;
- се грижи за спроведување на годишната програма на Советот;
- постапува во согласност со Деловникот и врши други работи определени со Статутот на училиштето;

**Член 26**

Членот на Советот писмено или по електронска пошта го известува претседателот за отсуство од состанок, а во отсуство на претседателот на заменикот на претседателот.

**Член 27**

(1) Членот има должност да присуствува на седниците и да учествува во работата и одлучувањето.
(2) Членот кој е спречен да пристуствува на седницата е должен за тоа, како и за причините за спреченоста, најдоцна 24 часа пред почетокот на одржувањето на седницата да го извести претседателот.

(3) Доколку некој член ја напушти седницата за време на нејзиното траење од која било причина, тој е должен за тоа да извести на самата седница и истото се констатира и евидентира во записникот.

**Член 28**

Во итни случаи, или во случаи на спреченост за лично присуство на еден или повеќе членови на Советот, отсутните членови имаат обврска еден ден пред седницата, преку електронска пошта да се изјаснат по точките на Дневниот ред за кои се расправа. Во тој случај одлуките што ќе се донесат писмено ќе бидат верификувани на првата наредна седница на Советот.

**Член 29**

Членот на Советот има право од претседателот да бара и да добие известување за сите прашања што се однесуваат на работата на Советот.

## VI. ПОДГОТОВКА, СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

**Член 30**

(1) Советот работи на состаноци.
(2) Состаноците може да се одржат доколку се присутни половината од членовите на Советот плус еден член.
(3) Состаноците може да се одржат и со помал број на присутни членови од предвиденото во став (2), но само доколку отсутните членови дале писмено изјаснување по точките од Дневниот ред согласно чл. 28 од Деловникот и ако вкупниот број на присутни членови и членови кои писмено се изјасниле по точките од дневниот ред изнесува половина од членовите на Советот плус еден член.

## 1. ПОДГОТОВКА НА СЕДНИЦИТЕ

**Член 31**

(1) Предлогот на Дневниот ред за седницата го утврдува претседателот, при што ги зема предвид предлозите на членовите на Советот.
(2) Проценка на обемот на Дневниот ред врши претседателот.
(3) Советот работи врз основа на усвоен дневен ред со мнозинство на гласовите од присутните членови.
(4) Предлогот на Дневниот ред и материјалите по поединечните точки во дневниот ред претседателот ги доставува до сите членови, со покана за седница.
(5) Поканата со предлогот на Дневниот ред и материјалите по поединечните точки претседателот ги доставува, најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржување на седницата.
(6) По исклучок и од причини за кои се бара итно решавање, поканата за седницата може да биде упатена и во пократок рок.

**Член 32**

Поканата за седницата содржи ден, час и место на одржување на седницата и предлог на Дневниот ред за таа седница.

## 2. СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

**Член 33**

(1) Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи претседателот, а во случај на негова спреченост заменикот на претседателот.
(2) Состаноците се одржувата еднаш месечно, а по потреба и почесто.
(3) За одржувањето на седниците членовите се известуваат со покана.
(4) Во итни и неодложни ситуации и за решавање на прашања кои што се од важност за

непречено функционирање на работата на Советот, претседателот на Советот на родители може да свика и онлајн седница.

## 3. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

### Член 34

(1) Седницата на Советот ја отвара и со неа раководи претседателот, или во негово отсуство заменикот на претседателот;
(2) Претседателот на почетокот на седницата утврдува дали присуствуваат доволно членови, како и причините за отсутните членови.
(3) Советот одлучува полноважно доколку на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови во Советот, или е добиено писмено образложение по точките по кои се одлучува, па така бројот на членовите е мнозинство од вкупниот број на членови во Советот.
(4) Дополнување на седницата може да се изврши од страна на присутните членови на седницата, писмено пред седницата, или усно на самата седница пред усвојувањето на дневниот ред.
(5) Покрај членовите на Советот, по потреба на седницата можат да присуствуваат и директорот и други вработени доколку е тоа поврзано со природата на прашањето кое се разгледува на седницата на Советот на родители, а за тоа тие можат да дадат дополнителни објаснувања.

## 4. ТЕК НА СЕДНИЦИТЕ

### Член 35

(1) На почетокот од седницата, пред утврдувањето на Дневниот ред, се усвојува записникот од претходната седница со гласање на присутните членови на Советот.
(2) По усвојувањето на предложениот Дневен ред, претседателот го објавува Дневниот ред и преоѓа на расправање и одлучување по одделните точки од дневниот ред.
(3) Пред отварањето на расправата по точките на Дневниот ред, кратко воведно излагање, односно образложение за секоја точка поединечно, поднесува претседателот или други надворешни лица поканети на седницата.
(4) По завршувањето на излагањето по секоја од точките на Дневниот ред, претседателот отвара расправа и ги повикува членовите и учесниците на седницата да се јават за збор.
(5) Членовите и учесниците на седницата на Советот во рамките на расправата по одделно прашање можат да се јават за одговор.
(6) Излагањето во расправата треба да биде кратко, јасно и недвосмислено и да се однесува исклучиво на прашањата кои се расправаат на седницата, во спротивно претседателот може да го одземе зборот.
(7) Членовите и учесниците на седницата се должни да ги чуваат како тајна информациите и документите кои ќе ги добијат на седницата, кои се класифицирани како лични податоци и подлежат на заштита согласно Закон.

## 5. ОДЛОЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

### Член 36

(1) Закажаната седница на Советот се одлага поради необезбедување присуство на доволен број членови.
(2) Седницата ја одлага претседателот, односно заменикот на претседателот кој на присутните им соопштува датум на одржување на новата седница, и на отуститните им доставува покана.

**Член 37**

Доколку дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседателот не е во состојба да воспостави ред, претседателот ја прекинува седницата.

## 6. ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

**Член 38**

По завршувањето на расправата и одлучувањето по сите точки од дневниот ред, претседателот објавува дека ја заклучува седницата, односно објавува дека седницата е завршена.

## VII. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

**Член 39**

(1) Советот донесува одлуки, заклучоци, мислења, критериуми, препораки и слично кои ги потпишува претседателот.
(2) Актите од ставот (1) ги формулира претседателот, врз основа на материјалите, излагањата на членовите, други стручни лица и учесници поканети на седницата, а со мнозинство гласови од присутните членови со јавно гласање ги донесува советот.
(3) Јавното гласање се изведува со кревање рака или со поединечно изјаснување со „за“, „против“ или „воздржан“.
(4) Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа донесе одлука Советот со мнозинство гласови од присутните членови на состанокот, а предлог за тајно гласање може да поднесе секој член на Советот.
*(*5) Во итни и неодложни ситуации кога е предвидено тајно гласање, членот на Советот кој од оправдани причини нема да може да присуствува на Седницата кога ќе се одржува гласањето, својот глас може да го даде во рок од 3 (три) до 5 (пет) дена пред одржување на седницата.
Својот глас членот на Советот ќе го предаде на Претседателот на советот/комисијата во затворен плик кој ќе се чува се до одржувањето на седницата и истиот ќе се отвори при броење на останатите гласови.
(5) По спроведувањето на гласањето претседателот ги објавува резултатите од гласањето кои се евидентираат во записникот.
(5) Одлуките се објавуваат на огласната табла на училиштето и се споделуваат електронски во онлајн групите за комуникација до сите одделенија преку претставникот на Советот, најкасно три дена од денот на одржување на состанокот.

## VIII. ЗАПИСНИК

**Член 40**

За секоја седница на Советот се води записник кој го води записничар.

**Член 41**

Записниците со сите предлози се средуваат по редослед на одржаниот состанок во еден мандатен период.

**Член 42**

Сите записници и материјали од седниците се чуваат во архивата на училиштето.

**Член 43**

Записникот содржи:
- ознака за бројот на седницата;

- место, ден и време на одржување на седницата;
- име, презиме и број на присутнните членови, отсутните членови и причини за отусуство;
- Дневен ред на седницата;
- тек на работата на седницата, учесниците во дискусијата, прашањата за кои се дискутира и кратка содржина на нивните излагања;
- одлуките и другите акти кои се донесени по одделни точки од дневниот ред;
- час на завршување на седницата;
- потпис на претседателот и записничарот;

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Административните и помошно - техничките работи на Советот ги врши училиштето.

**Член 45**

(1) Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат на ист начин како и при неговото донесување.
(2) Иницијативата за измени и дополнување можат да дадат: родителитите на учениците, членовите на Советот, Наставничкиот совет, како и Училишниот одбор.
(3) Врз основа на поднесеното писмено барање кое содржи кратко образложение за причините поради кои се поднесува иницијативата, Советот одлучува за постапката.

**Член 46**

(1) Овој Деловник стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла од училиштето и на информативниот билтен на советот на страната: https://kjpituskopje.edu.mk
(2) Со стапување на сила на овој Деловник престанува да важи досегашниот Деловник за работа на Советот на родители во ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ Скопје.

Дата: 11.7.2024

Записничар:

___________________

Претседател
на Совет на родители

_____________________